ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН

*- нацрт -*

СТРАТЕГИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА БЕГАЛЦИ И СТРАНЦИ

ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2008-2015

**Јуни, 2009**

**НАЦРТ ЗА ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ**

**Содржина**


1. **Вовед**

2. **Национален акционен план – развој и методологија**

2.1. Процес на консултации

2.2. Инпут од Меѓуресорското коорд. тело за интеграција на бегалци и странци

2.3. Инпут од Министерството за финансии

2.4. Поддршка од УНХЦР

2.5. Процес на усвојување на Националниот акционен план

3. **Разбирање на табелата - НАП**

3.1. Домување

3.2. Образование и обука

3.3. Вработување и обука за стручно усовршување

3.4. Здравствена заштита

3.5. Социјални услуги и заштита

3.6. Ангажираност на заедницата и развој

3.6.1. Центарот за интеграции како главен партнер за имплементација

3.7. Раководење и имплементација на Стратегијата за интеграција и НАП

4. **Заклучок и идни насоки**

**НАЦРТ ЗА ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ**

***Кратенки***

| | |
|---|---|
| **МТСП** | **Министерство за труд и социјална политика** |
| **МОН** | **Министерство за образование и наука** |
| **МЗ** | **Министерство за здравство** |
| **МВР** | **Министерство за внатрешни работи** |
| **МП** | **Министерство за правда** |
| **МТВ** | **Министерство за транспорт и врски** |
| **СЦР** | **Центри за социјална работа** |
| **УНХЦР** | **Висок Комесаријат за бегалци на Обединетите Нации** |
| **УПТ** | **Условени парични трансфери** |

**НАЦРТ ЗА ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ**

**Национален акционен план**

**Стратегија за интеграција на бегалци и странци**

**Република Македонија**

## 1. Вовед

На 28 декември 2008 година, Владата на Република Македонија го усвои документот „Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008-2015 година" (Стратегијата).

Стратегијата е усогласена со сите други национални стратегии на државата, и со меѓународната правна рамка на Европската Унија.

Стратегијата, исто така, дава основа за развој на Националниот Акционен План (НАП) за интеграција на бегалци и странци, во кој се наведени конкретните мерки и активности за остварување на стратешките цели и задачи.

Во Стратегијата се препорачува временска рамка од шест месеци за усвојување на Националниот Акционен План, по усвојувањето на Стратегијата.

Целите на Националниот Акционен План се, да и овозможи на целната група да влезе во процесот на интеграција, како и да ги дефинира конкретните активности и мерки кои треба да се преземат од страна на сите засегнати страни, во рамки на седумте главни теми, кои се обработени во Стратегијата: домување и сместување, вработување и стручно усовршување; здравствена заштита, образование, социјална заштита, ангажираност во заедицата/развој и раководење со процесот на интеграција.

Структурата на Националниот Акционен План ја сочинуваат двата следни документа:

1) Наративен дел, во кој се дава краток преглед на НАП и поделатно се опишани одредени активности, кои подобро можат да се објаснат на описен начин и;
2) Табеларен дел, во кој е даден детален приказ на секоја од седумте теми со опис на конкретните активности и мерки, во рамки на секој од секторите, и преглед на главните засегнати страни и линии на буџетирање, за секоја од предложените активности.

Националниот Акционен План е еден динамичен документ, кој бара постојано надополнување, коешто е потребно за да се даде поддршка на движечките трендови на миграција, како и на потребите на целната група. Овој прв документ може да служи како база за понатамошно унапредување на политиките на миграција и изготвување на соодветни мерки. Тој, исто така, претставува одраз на постојаната заложба на Владата на Република Македонија за поддршка на сеопфатните и фунционални политики, со кои се унапредува еднаквоста, социјалната кохезија и активното учество на секој поединечен член во општеството.

## 2. Развој и методологија на НАП

### 2.1. Просец на консултации

Процесот на изготвување на Националниот акционен план ги опфаќа обемните консултации направени со Агенциите и министерствата на Владата, невладините организации, со УНХЦР, и преставници на целната група, кои во моментов живеат во земјата.

Министерството за труд и социјална политика има мандат да раководи со развојниот процес на НАП.

УНХЦР е поканета да учествува со обезбедување на експертска помош, како и да учествува во процесот на изготвување на НАП.

Просецот на консултации беше поделен во две фази, каде што првата фаза опфати поединечни состаноци со главните носители на спроведувањето на НАП, а втората фаза влучуваше консултации и инпут од членовите на Меѓуресорското коорд. тело за интеграција на бегалци и странци.

Во следната табела е даден хронолошки преглед на консултативните состаноци[1]:

| Дата | Прашање | Институција | Учесници |
|---|---|---|---|
| 01.05. - | Меѓуресорско решавање на сите прашања на НАП – процесот на консултации продолжува | Министерство за труд и социјална политика (водечка агенција) | Г-н. Дејан Ивковски, Раководител на Секторот за азил, миграции и хуманитарна помош |
| 21.05.2009. | Сектор за образование - инпут за НАП | Министерство за образование | Г-ѓа Нада Стојменова, советник за основно и средно образование; Г-ѓа, Назиктере Сулејмани, помошник на Раководителот за основно и средно образование |
| 22.05.2009. | Консултации со Црвен Крст | Црвен Крст | Г-ѓа Сузана Тунева Пауновска, Црвен Крст |
| 27.05.2009. | Сектор за здравство - инпут за НАП | Министерство за здравство | Д-р. Златко Шутиновски, Раководител на сектор, Министерство за здравство, Г-ѓа Сузана Тунева Пауновска , Црвен |

[1] Г-н. Дејан Ивковски, од Министерство за труд и социјална политика присуствуваше на сите состаноци.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Крст |
| 29.05.2009. | Сите сектори – инпут за НАП (подготвителни состаноци) | Комитети на бегалците | Претставници на бегалците, комитетите на младите и жените, и УНХЦР |
| 02.06.2009. | Сите сектори – инпут за НАП | Комитети на бегалците | Претставници на бегалците, комитетите на младите и жените, и УНХЦР |
| 11.06.2009. | Состанок на Меѓуресорското тело – инпут за НАП | Меѓуресорско тело за интеграција | Членови на Меѓуресорското тело |
| 03.07.2009. | Сите сектори – инпут за НАП | Комитети на бегалците | Претставници на бегалците, комитетите на младите и жените, и УНХЦР |
| 06.07.2009. | Состанок на Меѓуресорското тело – инпут за НАП | Меѓуресорско тело за интеграција | Членови на Меѓуресорското тело |

## 2.2. Инпут од Меѓуресорското координативно тело за интеграција на бегалци и странци

Меѓуресорското координативно тело за интеграција на бегалци и странци одржа два состанока за да дискутира за процесот на интеграција и да обезбеди инпут за НАП. Членови на Меѓуресорското тело се:

- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за здравство
- Министерство за образование
- Министерство  за надворешни работи
- Министерство за локална самоуправа
- Секретаријат за Европски Прашања
- Здружение на локални самоуправи на Република Македонија
- Македонски Црвен Крст

## 2.3. Инпут од Министерството за финансии

Во одлуките на Владата, со кои се потврдува усвојувањето на Стратегијата, се препорачуваат консултации со Министерството за финансии, со цел на време да се направат подготовки и да се планираат ефектите од финасирањето.

Нацрт-НАП беше доставен до Министерството за финансии за тоа да обезбеди свое мислење и препораки.

### 2.4. Поддршка од УНХЦР

Канцеларијата на УНХЦР во Скопје назначи меѓународен експерт, кој ќе му помага на Министерството за труд и социјална политика во изготвувањето на нацртот на Националниот Акционен План.

### 2.5. Процес на усвојување на Националниот Акционен План

По ододбрувањето од страна на Меѓуресорското тело, финалниот нацрт на Националниот Акционен План беше поднесен до Претседавачот на Меѓуресорското координативно тело за интеграции на бегалци, кој потоа беше задолжен службено да го поднесе НАП до Владата на РМ заради негово разгледување и одобрување.

## 3. Разбирање на Табелата - НАП

Форматот на Табелата на Националниот Акционен План е поставен така што да обезбеди хоризонтален преглед идентичен со логичката рамка, и вертикален преглед за секој сектор поодделно, и тоа на следниот начин:

*Хоризонтален преглед*

Појдовни основи/Предизвици – краток преглед на тековниот статус и предизвиците.

Основни активности – список на активности според препораките од Стратегијата за акциониот план.

Мерки – конкретни мерки, планирани според имплементацијата на Основните активности/ по активности.

Очекувани резултати – имплементацијата на мерките продуцира резултати, кои се очекува да бидат постигнати.

Мерливи показатели - преглед на конкретни показатели кои овозможуваат фактичка евалуација на спроведувањето на мерките.

Засегнати страни – преглед на главните засегнати страни (Владата и партнерите).

Временска рамка – преглед на планираниот распоред и предложените рокови за спроведување на мерките.

Буџет – 4-те колони ја претставуваат годишната проценка на вкупните инвестиции во процесот на интеграции; поделен на:

**1)** учество на државата, со кое ќе се покрие извршувањето на постојните законски обврски;
**2)** вкупно дополнителни трошоци за интеграција - поделени на
**3)** учество на државата за интеграција, при што „државните административни трошоци" се трошоците коишто ќе произлезат од оперативната работа на министерствата или специјализираните државни агенции и центри; и
**4)** потребите од дополнително финансирање или барањата од надворешни извори.

*Вертикален преглед/по сектори*

### 3.1. Домување

Пристапот до домување и сместување е еден витален аспект на интеграцијата на целната група.

Со цел да се обезбеди соодветно домување, во НАП се наведени неколку главни активности:

- Изготвување на закони за социјално домување;
- Спроведување на компаративни експертски анализи, со цел да се обезбедат соодветни и одржливи модели на домување/решенија;
- Подготвување на конкретни мерки, со кои ќе се даде поддршка на пронаоѓањето на модели на домување;
- Реновирање и/или изградба на сместувачки капацитети, кои ќе се засноваат на усвоените модели за домување/решенија;
- Информативни кампањи, со кои ќе се обезбеди соодветна комуникација со целната група, по однос на нивните права и обврски, со што ќе се олесни пристапот до услугите.

| |
|---|
| ***Буџет***<br>Државните административни трошоци ќе ги покријат трошоците за изготвување на законите и администрирањето на секторот за домување.<br>Дополнителните активности за интеграцијата, во вкупен износ од 9,000 ЕУР, се поделени на учество на државата од 3,800 ЕУР и учество на донатори, во износ од 5,200 ЕУР.<br>Реновирањето и/или трошоците за изградба (откако ќе се изработат деталите од моделите за домување), ќе бидат споделени за државата да обезбеди придонес во натура (градежно земјиште, инфраструктура или куќи за реновирање) и барање за донаторска/партнерска помош за покривање на материјалните трошоци. |

### 3.2. Образование и обука

Правата на образование играат клучна улога во долгорочната одржливост на процесите на интеграција.

**НАЦРТ ЗА ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ**

Со цел да обезбеди пристап до образовниот систем и што повеќе да ги унапреди механизмите во образованието, кои ќе обезбедат поддршка за процесот на интеграција, НАП предлага неколку главни активности:

- Мерки, со кои ќе се обезбедат книги и материјали за редовно следење на наставата;
- Таргетирани програми, со кои ќе се даде поддршка на вонтаставните и скратените програми на образование;
- Спроведување на студија за оправданост за унапредување на предучилишното образование, како за целната група, така и за локалното население;
- Задолжително изучување на македонскиот јазик за деца и возрасни и сертифицирање на истото;
- Вклучување на целните групи во Програмата за доживотно учење;
- Промовирање на универзитетското образование;
- Информативни кампањи, кои ќе обезбедат соодветна комуникација со целната група по прашањето на нивните права и обврски, на тој начин олеснувајќи го пристапот до услугите.

| |
|---|
| ***Буџет*** |
| Државните административни трошоци ги покриваат сите трошоци кои произлегуваат од промените во законодавството, развојот на специјалните програми или работата на специјализираните државни агенции за образование. Државното учество, исто така, вклучува буџет со кој ќе се обезбедат книги за сите регистрирани ученици, кој се проценува дека ќе изнесува 15,480 ЕУР на годишно ниво. Дополнителните активности за интеграции, во вкупен износ од 32,110 ЕУР се поделени на државно учество во износ од 11,033 ЕУР и барање за донаторска/партнерска помош, во износ од 21,077 ЕУР. |

### 3.3. Вработување и обуки за стручно усовршување

Образованието се смета како едно од најкомплексните прашања во рамки на процесите на интеграција.

НАП предлага неколку активности со цел да се олесни пристапот до пазарот на труд за целната група, на следниот начин:

- Да се надополнат Националните планови за вработување, со цел да се вгради пристапот до пазарот на трудот;
- Сертифицирана евалуација и тестирање на професионалните вештини, и верификација/нострификација на академски степени на образование;
- Држење на обуки за стручно усовршување и грантови за мали бизниси;
- Информативни кампањи, со кои ќе се обезбеди соодветна комуникација со целната група, по прашањата за нивните права и обврски, со што ќе се олесни пристапот до услугите.

| |
|---|
| ***Буџет*** |

Државните административни трошоци ќе ги покријат сите трошоци што ќе произлезат од промените во законодавството, развивањето на специјализираните програми или за работата на специјализираните државни агенции за вработување.
Интеграциските активности, во вкупен износ од 109,500 ЕУР (100,000 ЕУР се планирани за стручно усоврушување/мали бизниси) кои се поделени на државно учество во износ од 32,950 ЕУР и барање за донаторска помош во износ од 76,550 ЕУР.

## 3.4. Здравствена заштита

Вградувањето на услугите од обласа на здравствената заштита во рамки на националниот систем за здравствена заштита, претставува важен столб на просецот на интеграција.

Со цел да се олесни обезбедувањето на услуги од здравствена заштита за целната група, НАП ги истакнува следните неколку активности:

- Мерки, со кои ќе се обезбеди интеграција на целната група во рамки на постојниот систем за здравствена заштита, преку нивно регистрирање во Агенцијата за вработување и Центрите за социјална работа;
- Дефинирање на компонентите од пакетот за здравствена заштита, како и критериумите за корисниците;
- Воспоставување на дополнителни механизми за мониторинг, со помош на кои ќе се обезбеди преглед и евалуација на одредбите за здравствена заштита;
- Информативни кампањи со кои ќе се обезбеди соодветна комуникација со целната група за нивните права и обврски, со што се ќе олесни пристапот до услугите.

***Буџет***

Државните административни трошоци ќе ги покријат сите трошоци што ќе произлезат од промените во законодавството, развивањето на специјализираните програми или за работата на специјализираните државни агенции за здравствена заштита. Државното учество, исто така, вклучува буџет за обезбедување на здравствени услуги, кој се проценува дека ќе изнесува 107,680 ЕУР.
Дополнителните интеграциски активности во вкупен износ од 13,384 ЕУР, се поделени на државно учество во износ од 11,284 ЕУР и барање за донаторска помош во износ од 2,100 ЕУР.

## 3.5. Социјални услуги и заштита

Обезбедувањето на социјални услуги и заштита со кои ќе се обезбеди соодветна грижа за најранливите членови на целната група, е од пресудно значење за процесот на интеграција.

НАП го прелага следното:

- Мерки, со кои ќе се обезбеди интеграција на целната група во рамки на постојниот систем за социјална заштита (вклучувајќи финансиска помош за сместување);
- Промовирање на активностите со кои ќе се намали ранливоста, со што ќе се придонесе за самоиздржување на членовите на целната група (на пр., вработување, итн.);
- Информативни кампањи со кои ќе се обезбеди соодветна комуникација со целната група за нивните права и обврски, со што се ќе олесни нивниот пристап до услугите.

***Буџет***
Државните административни трошоци ќе ги покријат сите трошоци што ќе произлезат од промените во законодавството, развивањето на специјализираните програми или за работата на специјализираните државни агенции за социјална заштита. Државното учество, исто така, вклучува буџет за обезбедување на социјална заштита, кој се проценува дека ќе изнесува 492,000 ЕУР.
Дополнителните интеграциски активности во вкупен износ од 4,500 ЕУР се поделени на учество на државата во износ од 1,350 ЕУР и барање за донаторска помош во износ од 3,150 ЕУР.

**3.6. Ангажираност на заедницата и развој**

Поттикнувањето на целната група да стане активен член во сите сфери на општеството и нејзино почесто мешање со домицилното население е од фундаментално значење за одржливоста на просецот на интеграција.

Процесот на интеграција не завршува со одлуката на целната група да се интегрира во локалната средина, или со обезбедувањето на помош за развој – процесот на натурализација е еднакво важен, па за него треба да биде обезбедена и соодветна поддршка.

Тој бара еден сеопфатен пристап, кој ќе биде од меѓуресорски карактер, со тесна соработка на сите засегнати страни (владините и агенциите на граѓанското општество), како и механизми за имплементација, со помош на кои ќе се унапредуваат процесите на интеграција.

НАП ги предлага следните активности:

- Основање на Центарот за интеграции (види 3.6.1);
- Поттикнување на ангажираноста на заедницата и на мулитикултурални активности;
- Мерки со кои се олеснува порцесот на натурализација.

***Буџет***

Државните административни трошоци ќе ги покријат сите трошоци што ќе произлезат од промените во законодавството, развивањето на специјализираните програми или работата на специјализираните државни агенции. Овде, интеграциските активности ги опфаќаат само оперативните трошоци на Центарот за интеграции и поддршката од заедницата (активностите на Центарот ќе се буџетираат посебно, по сектори) и се проценуваат на вкупен износ од 76,200 ЕУР, при што учеството на државата изнесува 300 ЕУР, со можност да му се доделат материјални средства на Центарот, и барање на донаторска помош во износ од 75,900 ЕУР.

### 3.6.1. Центарот за интеграции како главен партнер во имплементацијата

Врз база на потребите на поединците, како и врз база на доменот на стратегиите за интеграција, различни земји имаат разработено најразлични механизми за поддршка на имплементацијата на нивните национални стратегии за интеграција. Тие се движат од основање на различни меѓуресорски комитети, агенции на локалната самоуправа, до фондации или специјализирани институции, кои се занимаваат со прашањата на интеграција.

Комплексноста на прашањата на интеграција и нивниот меѓуресорски карактер, бараат потесна координација на министерствата, агенциите и партнерите, кои се одговорни за секој од секторите, што резултира со стратешки и финансиски импликации. Со цел да се оптимизираат ресурсите и да се зголеми ефикасноста на процесот на интеграција, се препорачува да се размисли за можноста од формирање на специјализирана институција, која ќе делува како фокална точка на степенот на имплементација и координација на просецот на интеграција.

Министерството за труд и социјална политика препорачува основање на Центар за интеграции (Центарот), кој може да делува како главен партнер во имплементацијата преку реализирање на активностите за поддршка, кои ќе претставуваат надополнување на постојните механизми на Владата.

Главна цел на Центарот е да иницира, да ги поддржува и координира проектите, кои се изготвени за промовирање на интеграцијата во македонското општество. Овие проекти се финансирани од државниот буџет, како и од надворешни извори.

Центарот може да го формира Владата, како правно лице во регистарот на непрофитни здруженија и фондации.

Центарот може да има Управен одбор, како и Надзорен одбор, како две главни раководни тела. Управниот одбор може да делува како оперативен субјект, кој може да го вработи Управниот директор и персоналот; Надзорниот одбор може да ги планира активностите на Центарот, да го организира управувањето со Центарот, и да ги надгледува неговите активности. И додека Управниот одбор може да има 2-3 члена, Надзорниот одбор може да има повеќе од 10 члена, со претставници од одговорните министерства, НВО-и, меѓународните организации, донаторите, и

членови од македонските универзитети. Ко кретните улоги на двата одбора се детално објаснети во Статутот на Центарот.

Главните активности на Центарот за интеграција ќе бидат разработени во рамките на сите сектори кои се наведени во Стратегијата за интеграции и предвидени во Националниот акционен план.

Активностите на Центарот за интеграција нема да се преклопуваат, туку ќе дадат дополнителна поддршка на тековните и планираните програми на Владата, кои се изготвени во рамките на различни министерства и соодветните владини агенции.

Предложените активности на Центарот за интеграции можат да опфатат:

- Да се примени еден пристап на студија на случај, во разработката на Личните планови за интеграција, со кој ќе се следат конкретните потреби на секој од членовите на дефинираната целна група и ќе се обезбеди поддршка за нивните цели и аспирации. Личните планови за интеграција, исто така, можат да служат и како список за проверка, со кој ќе се обезбеди секој поединец навистина да има пристап до бараната документација и услуги, и со кој ќе се нагласи одговорноста како на Владата, така и на поединците, во просецот на интеграција.

- Да се изготви и дистрибуира Прирачник за интеграции, во кој ќе бидат опфатени сите прашања коишто се релевантни за дефинираната целна група и нивните законски права, вклучувајќи и: нивниот правен статус, домување, вработување, пристап до образование, медицински и социјални услуги, гаранции за сопственост, пензија и инвалидско осигурување, законска и јазична помош, како и комуникација со меѓународните институции и институциите кои се квалификувани за консултации.

    - Да се понуди настава за изучување на македонскиот и другите јазици, за деца и возрасни;
    - Да се обезбеди пакет на курсеви според потребите на пазарот на труд, како и курсеви за подготовкс за вработување, кои ќе можат да ги искористат и дефинираната целна група, како и членовите на заедницата-домаќин;
    - Да се понудат курсеви за претприемништво, советодавни услуги за малите бизниси, и да се развијат партнерства со институциите за кредитирање на мали бизниси, со цел да се помогне во развојот на формалниот сектор на микро и МСП претпријатија, и помеѓу населението на дефинираната целна група, и помеѓу населението на земјата-домаќин.
    - Да се спроведат стратегии за домување, кои се идентификувани и предвидени со Акциониот план;
    - Да се формираат центри за предучилишна возраст, раководени од заедницата/центри за згрижување на децата, кои ќе има овозможат на мајките или на самохраните родители да станат дел од работната сила;

- Преку моделот за Личните планови за интеграција, да се поврзат и даваат совети, за сите потребни права на образовни, правни, медицински или социјални услуги, кои не ги оствариле членовите на дефинираната целна група;
- Да се обезбедат преведувачки услуги, во рамки на можностите, за членовите на дефинираната целна група, кои сѐ уште не го владеат македонскиот јазик, во случај кога релевантните владини институции не можат да го обезбедат истото, за непознавањето на јазикот да не претставува непотребна пречка при интеграцијата;
- Да се воспостави тековен дијалог помеѓу дефинираната целна група и заедницата-домаќин преку формирање на совети за различни клучни точки и подгрупи, вклучувајќи ги и жените, хендикепираните лица, младите, здравјето во заедницата, домашното насилство, репродуктивното здравје, вработувањето, правната документација, домувањето, претприемништвото, итн.;
- Да се спонзорираат дополнителни активности од животот во зедницата, културата, социјалниот живот и јавното информирање, со поттикнување на заедничко учество на зедницата-домаќин со дефинираната целна група;
- На барателите на азил, на кои штотуку им е одобрен статус, да им се обезбеди пакет на почетни преодни услуги, до добивање на услугите за интеграција;
- Да се следи прогресот, и да им се обезбеди постојана дополнителна помош на членовите на дефинираната целна група кои успешно се натурализирале;
- Да се следи напредокот и да се обезбеди дополнителна помош на децата на натурализираните членови на дефинираната целна група, со цел да им се обезбеди тие да бидат оспособени целосно да учествуваат во мекдонското општество, особено во областа на образованието и вработувањето;
- Да им се даде поддршка на членовите на дефинираната целна група коишто се заинтересирани за можноста од безбедно враќање во својата земја на потекло.

### 3.7. Раководење и имплементација на Стратегијата за интеграции и на НАП

Меѓуресорското раководење и неговите механизми, процеси и инструменти за координација, кои ја формираат сеопфатната рамка за интеграција, се клучни во поставувањето на политиките и спроведувањето на стратегијата за интеграции. Инвестирањето во јакнењето на капацитетите на раководните структури помага да се разработат соодветни стратегии, кои ќе генерираат ресурси, ќе ги мобилизираат луѓето и ќе ги зацврстат партнерствата.

Со цел да се зајакне целосната политика, рамката за имплементација и надзорот, НАП ги предлага следните активности:

- Активности за зајакнување на компетенциите (обуки, работилници, студиски патувања) за членовите на Меѓуресорското коорд. тело за интеграција;
- Формално назначување на 2 „фокални точки“ за интеграција, во рамките на министерствата и единиците на локалната самоуправа, со цел да се даде поддршка на контунуитетот на процесот;

- Редовно доставување на извештаи, од страна на сите одговорни засегнати страни;
- Организирање на обуки за прилагодување за професионалците од Владата во сите сектори – здравство, образование, вработување, итн.
- Вмрежување со другите регионални тела и телата на Европската Унија.

***Буџет***

| |
|---|
| Државните административни трошоци ќе ги покријат сите трошоци што ќе произлезат од промените во законодавството, развивањето на специјализираните програми или од работата на специјализираните државни агенции. Дополнителните активности за интеграција, кои се проценуваат на 10,000 ЕУР се поделени на учество на државата во износ од 3,000 ЕУР и барање за донаторска помош во износ од 7,000 ЕУР. |

## 4. Заклучок и идни насоки

Националниот акционен план за интеграција на бегалци и странци претставува сеопфатен документ, кој детално ги елаборира меѓуресорските мерки, планирани да ја поддржат имплементацијата на процесот на интеграција. Резултат е на интензивни консултации и инпутот обезбеден од страна на членовите на Меѓуресорското координативно тело, претставниците на бегалците кои во моментот престојуваат во земјата, и на стручниот инпут обезбеден од УНХЦР.

Мерките кои ги предлага НАП кореспондираат исто така и со сите главни стратешки препораки и стручни анализи дефинирани од земјите-членки на ЕУ, стратешките документи на ЕУ, Советот на Европа, УНХЦР, мрежите на НВО-и од доменот на интеграциите, академските истражувања, и други влијателни фактори од доменот на интеграциите.

По усвојувањето на НАП, следен чекор од најголема важност е самата имплементација на мерките преку координиран ангажман на сите надлежни партнери.

Земајќи ја предвид динамичната и комплексна природа на процесот на интеграција, НАП е предмет на континуирана евалуација, која води кон усовршување на стратегиите и мерките, создавајќи еден реално поволен амбиент за интеграција.